Бр./Nr 12-2290/4

15-10-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот заведена под број 12-2290/1 од 25.08.2025 година, оформен по пријава со наводи за непочитување на законската и подзаконската регулатива за спроведување на изборниот процес, односно наводи против Советот на општина --------, со сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Локални избори, 2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што наводите изнесени во пријавата не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик односно не се однесуваат на непочитување на забраните утврдени во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во член 8-а и член 8-б од Изборниот законик.

Предметот со број 12-2290/1 од 25.08.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 25.08.2025 година, поднесена е пријава со сомневање за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Локални избори, 2025 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Предметните наводи се однесуваат на сомневање за непочитување на законската и подзаконската регулатива за спроведување на изборниот поцес во 2025 година, односно дека Советот на општина -------- закажала седница каде на дневен ред била ставена точка број 2 за програма за поставување на урбана опрема на јавни површини на градежно земјиште за време на ------------ 2025 година, односно програма за изнајмување на јавна површина на физички лица, пред престојните локални избори со што ќе се влијае врз гласачите.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, од општина ------------ беше побарано да се достави информација со прилог документација по однос на пријавените наводи.

Од увид и анализа на доставената документација, ДКСК го утврди следното:

Општина -------------- е домаќин на традиционалниот ---------, стопанско – забавна манифестација која датира со векови наназад и датумите на одржување биле секогаш исти, па така и ова година било предвидено одржување на ова манифестација на одредените датуми и тоа од 21, 22 и 23-ти ---------- 2025 година.

На Записникот од 62-ра редовна седница на Советот на општина ------------ од 26.08.2025 година, со 12 гласови ЗА, 0 Против и 0 Воздржани, усвоена е Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини и на градежно земјиште во градско подрачје на територијата на општина ----------- на -------------- 2025 година, (21,22 и 23-ти -------------).

Наведената програма е објавена во Службен гласник на општина ------------ број 12/25 од 27.08.2025 година, со која се уредува поставувањето на урбаната опрема на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште во градското подрачје на територијата на општина ------------ за време на ------------ 2025 година, утврдување на висината и надоместокот за користење на јавните површини како и постапката за начинот и условите за изнајмување на локации за време на.

Од увидот во изводот од биланс на приходи-ребаланс во делот даночни приходи 71, може да се утврди дека предвидена е комунална такса за користење на плоштади и друг простор во градовите и другите населени места, со цел изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење дејност.

Врз основа на сето погоре наведено, ДКСК утврди дека донесувањето на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини и на градежно земјиште во градско подрачје на територијата на општина ------- на ----------- 2025 година, од Советот на општина ---------, во месец август 2025, кога се распишани Локални избори 2025, не претставува постапување кое е опфатено со забраните

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик – претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk